# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**<br>**Излегува по потреба**<br>**Рок на рекламации 15 дена** | **09.05.2018**<br>**Ростуше**<br>**Број 6**<br>**Год.XXIII** | **e-mail:**mavrovorostuse@yahoo.com**Тел:(042)478–814; 478–815** |

**Ростуше, 09 Мај 2018 година**

**93.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34, став 1, точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за субвенционирање на ЈПКД “МАВРОВО„ од Маврови Анови

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за субвенционирање на ЈПКД “МАВРОВО„ од Маврови Анови, број 08-156/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на својата 10-та редовна седница, одржана на ден 03.05.2018 година.

Бр.09-156/4 — Општина Маврово и Ростуше
03.05.2018 год. — Градоначалник
Р о с т у ш е — Медат Куртовски с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 25, став 1, точка 32 и 42 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Советорт на Општина Маврово и Ростуша на ден 03.05.2018 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За субвенционирање на ЈПКД ,,МАВРОВО,, - Маврови Анови**

Член 1

Со оваа Одлука се врши одобрување неповратни финансиски средства како субвенција во износ од 440.000,00 денари на ЈПКД ,,МАВРОВО,, од Маврови Анови а чии основач е Општина Маврово и Рсотуше.

Член 2

Одобрените средства ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 018 година за лошата финансиска состојба во која се наоѓа ЈПКД ,,МАВРОВО,, од Маврови Анови.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ''Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' а ќе влезе во сила веднаш по нејзиното усвојување.

Бр.08-156/3 — Совет на Општина Маврово и Ростуше
03.05.2018 год. — П р е т с е д а т е л ,
Р о с т у ш е — Алил Алили, с.р..

**94.**

Врз основа на член 9 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти /,,Сл.Весник на РМ'' број 23/2011, 54/2011, 155/2012/, 53/2013, 72/2013 и 44/2014, а во согласност со член 63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 05/2002/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 07.05.2018 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

за формирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуше

1. Со ова Решение се формира Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата на Општина Маврово и Ростуша во следниот состав:

- Садредин Елезоски – претседател
- Надица Даниловска – член
- Дијана Трипуновска - член

2. Со влегување во сила на ова Решение, престанува со важност претходно донесеното Решение за оваа намена, а заведени со архивски броеви 09-80/1 од 20.02.2018 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

Решението е доставен до:

- Архивата на општината
- Членовите на комисијата
- Одделението за урбанизам, ком.дејности и заштита на животна средина

Број 09-80/2
07.05.2018 год.
Општина Маврово и Ростуше

ГРАДОНАЧАЛНИК
Медат Куртовски с.р

==========================================================

**С О Д Р Ж И Н А**

**93.** Одлуката за субвенционирање на ЈПКД "МАВРОВО„ од Маврови Анови**......................... 115**
**94. Решение** за формирање на Комисија за утврдување на фактичка состојба со увид на самото место во врска со бесправно изградени објекти на територијата Општина Маврово и Ростуше.................................................... **................................115**

==========================================================

**ИЗДАВА И УРЕДУВА СЛУЖБА НА ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ**